Природно математичкото здружение АРМАГАНКА, согласно својот Статут, донесе

# ОДЛУКА

за доделување награда за најдобар натпреварувач (олимпиец) по математика во средното образование

**Член 1**

На почетокот на секоја учебна година, за учениците од средното образование, се доделува награда за најдобар натпреварувач (олимпиец) по математика во претходната учебна година.

**Член 2**

Името на наградата е ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР СМАРЏИСКИ.

**Член 3**

На наградениот ученик му се доделува плакета и паричен надоместок за освоената награда.

За секоја учебна година висината на паричниот надоместок, со посебна одлука, ја утврдува Управниот одбор на здружението.

**Член 4**

Критериумите и постапката за доделување на наградата се утврдуваат со посебен Правилник, донесен од Управниот одбор на здружението.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Скопје
15.09.2020

претседател на Армаганка
-----------------------------------
Проф. д-р Алекса Малчески